# NORTH MACEDONIA: РЕЗИМЕ

Истовремено со целосната инвазија во Украина, **Русија ги засили своите хибридни операции за влијание**, чија цел е да го поткопа единството и решителноста на членките на НАТО и ЕУ, како и на други стратешки важни држави.

Особено Југоисточна Европа (ЈИЕ) во дел е еден од најранливите региони на странско влијание; историски, таа е **поле на геополитички и пропагандни судири за влијание** меѓу регионалните и глобалните (супер)сили, а трајните ефекти од овие судири се чувствуваат и денес. Повлекувањето од демократијата, дефицитите на владеење, ерозијата на граѓанските слободи и застојот на интеграцијата во евроатлантските институции го ставија регионот во состојба на **политичка несигурност и стратешка нејасност** што се интензивираше од 2014 година. Во исто време, авторитарните држави како Русија и Кина постојано применуваат тактики на мека и тврда моќ низ цела Југоисточна Европа за да ја поткопаат довербата во либералната демократија и да го промовираат авторитаризмот како поефективен систем на владеење.

И покрај широко распространетата осуда од меѓународната заедница, руската инвазија во Украина, исто така, послужи за консолидирање, зајакнување и забрзување на нејзините **активни напори** да влијае врз одлучувањето на национално ниво во земјите од Југоисточна Европа. Во годините пред инвазијата, Кремљ веќе ја искористи недоволно строгата регулаторна средина во Југоисточна Европа за да се впушти во **заробување на државата преку непроѕирни локални мрежи на покровителство и влијание.** Овие мрежи, составени од деловни тајкуни, политичари и други фактори кои влијаат и се поврзани со Кремљ, продолжуваат активно да ја олеснуваат Русија во употреба на енергијата, финансиите и медиумите како оружје за унапредување на нејзините интереси. Овој пример го следеше Кина, која привлече и финансира иста инфраструктура и мрежи со цел да изврши сопствено влијание во регионот и да ја зајакне локалната авторитарна динамика.

Контролата над медиумите и употребата на насочени незаконски финансиски текови (НФТ) се двете најважни алатки што ги користат странските авторитарни сили за заробување на државите во регионот. НФТ (незаконски финансиски текови) и контролата над медиумите се нераскинливо поврзани помеѓу себе како едни со други така и со растечката мрежа на штетни интереси. Москва и Пекинг претставуваат една од алките на оваа мрежа, а локалните **олигарси** друга, при што втората има значајно политичко влијание во сè уште неконсолидираните балкански демократии. Овој извештај претставува длабинска проценка на **методите, опсегот и целите на тактиките за контролата над медиумите и незаконските финансиски операции** во осум балкански земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Во извештајот се открива и до кој степен оваа мрежа на медиумско мешање и валкани пари ги поткопува демократијата и евроатлантските интеграции со влијание врз домашните политички резултати и надворешнополитичките одлуки на земјите од Југоисточна Европа.

Русија и Кина долго време користат **сокриени корпоративни сопственички структури** и НФТ (незаконски финансиски текови) за да обезбедат сè, – од нови технологии и техничка експертиза до економско и политичко влијание во земјите кои што претставуваат интерес за нив.

Особено, Кремљ постојано ја користи својата интеграција во западниот финансиски систем за да ги искористи празнините во системите на државно управување преку корозивните ефекти на корупцијата и незаконското финансирање, и соодветно да ги поддржува своите интереси дома и во странство. Бруталната инвазија на Украина ја фрли долго потребната светлина врз **опасностите што ги носи клептократијата** и ризиците на кои Европа се изложува себеси – и светот – преку нејзиниот опуштен пристап кон валканите пари.

На глобално ниво, обемот на незаконските финансиски текови се проценува на 1-1,5 трилиони американски долари годишно, што претставува приближно 3-5% од глобалниот Бруто-домашен производ. За споредба, на Балканот тие изнесуваат околу 6% од БДП на регионот. Земјите во регионот остануваат многу ранливи на НФТ (незаконски

финансиски текови), тренд што се влошува со институционалната слабост и заробувањето на државата. **Незаконските финансиски текови** поттикнуваат профитерство и криминално однесување, го намалуваат капацитетот на владите да го поддржат развојот и инклузивниот раст, го поткопуваат владеењето на правото, го поткопуваат функционирањето на системите за кривична правда и го ставаат во ризик деловното опкружување. Освен тоа, НФТ (Незаконските финансиски текови) ги трошат јавните ресурси, го намалуваат обемот и квалитетот на јавните услуги и на тој начин го поткопуваат интегритетот на државните институции, со што ја поткопуваат довербата на јавноста во владата. Тие, исто така, помагаат да се создадат и одржуваат моќни мрежи на влијание кои можат да им служат и на внатрешните и на надворешните злонамерни интереси.

Незаконските финансиски текови во Југоисточна Европа се овозможени со помош на создаден систем на **распространета корупција**, организиран криминал и на непочитување на правилата од страна на корпорациите/претпријатијата. Делумно како резултат на масовната појава на НФТ (Незаконските финансиски текови), економиите во регионот се помалку конкурентни од оние во ЕУ, страдаат од изобилство на несоодветно политичко мешање и државна сопственост, неразвиен приватен сектор и честото и прикриено присуство на меѓувладини договори со авторитарни држави. Незаконските финансиски текови се овозможени и поради порозните државни граници во регионот, меѓузависната природа на неговите економии и големиот н**еформален сектор**. Како мост меѓу Азија и Западна Европа, Југоисточна Европа традиционално служи како порта за **дрога и мигранти**, како и широк спектар на **производи со двојна употреба и акцизни добра.** Значајните зголемувања на инвестициите во инфраструктурата во последниве години – особено оние поттикнати од кинеската иницијатива „Појас и пат" и други шеми предводени од државата – додадоа масло на огнот, поттикнувајќи ги постоечките текови на незаконска трговија.

Сепак, Кина не е сама во пристапот кон преплавување на континентот со државни пари; приближно 1 трилион американски долари руски капитал е инвестиран низ Европа по распадот на Советскиот Сојуз, при што значителен дел од овие средства се користат за стекнување средства во стратешките економски сектори како што се енергијата, телекомуникациите, банкарството, градежништвото и логистиката.

Како што Кремљ сè повеќе успева да доминира со локалните олигархиски мрежи, во **состојба е да ги вооружи овие навидум опортунистички мрежи по своја волја**.

Во пресрет на инвазијата во Украина, руските компании цврсто се вкоренија во европската економија: во јануари 2022 година, Русија контролираше 277 милијарди евра достапни странски директни инвестиции (СДИ) во 27-те земји-членки на ЕУ, што е една третина повеќе одошто на почетокот на бранот бесплодни санкции ширум ЕУ наметнати за Русија како одговор на нејзината анексија на Крим во 2014 година. Руските инвестиции најверојатно се многу поголеми одошто покажуваат официјалните бројки на централните банки, бидејќи најмалку **50% од сите руски финансиски текови кон Европа минуваат низ офшор дестинации** како Кипар, Британските Девствени Острови, Ирска, Луксембург и Холандија, каде руските фондови се кријат зад субјекти со номинални сопственици, трустови инвестиции преку инвестициски фондови од трети страни. До крајот на 2021 година, руските корпоративни средства/активи во Европа изнесуваат речиси 600 милијарди евра, а европските банки сè уште имаат обврски од 83 милијарди евра кон руски компании и физички лица, како што се земји како Австрија, Холандија, Италија и Франција. највисоки нивоа на изложеност на рускиот пазар. Многу од трансакциите што овозможуваат стекнување стратешки средства во Југоисточна Европа минуваат низ овие европски финансиски центри. Откако ЕУ почна да воведува сè построги санкции кон Русија по почетокот на инвазијата во Украина во февруари 2022 година, Кремљ изврши дејствија на **формално прекинување на врските што може да се следат со своите деловни оружја,** зголемувајќи го протокот на незаконски финансии во Европа и – особено во Југоисточна Европа.

Иако е тешко следењето на бројот и зачестеноста на Незаконските финансиски текови во кој било сектор од економијата, **незаконското финансирање во медиумите и сродните сектори** може да се открие со идентификување на различни знаци кои се признак дека такво финансирање постои. Еден од нив е концентрацијата на **сопственоста на медиумите** во рацете на поединци со сомнителни извори на приход, често поврзани со корупција на високо ниво и странски авторитаристи. Во други случаи, **уредувачката контрола** се врши преку државно финансирање обезбедено од владејачките елити

чии членови постојано биле вмешани во финансиски измами или корупциски скандали. Слична динамика постои во однос на давателите на услуги во телекомуникацискиот сектор, како и во однос на издавачката индустрија и другите клучни сектори во Југоисточна Европа, кои овозможуваат контрола врз инфраструктурата за дистрибуција на медиумски содржини. Во суштина, притисокот за **поседување на медиумите** може да се изврши низ различни економски сектори со претворање на приходите од реклами во оружје за влијание врз уредувачката политика на медиумите. Ненадејните, **краткорочни аномалии во содржината и уредувачката политика** на влијателните медиуми, особено во однос на големите инфраструктурни проекти и политичките иницијативи предводени од странство, се исто така потенцијален показател за употребата на Незаконските финансиски текови за влијание врз медиумите. Ваквите аномалии во медиумските содржини се вообичаени во регионот и најчесто се манифестираат во медиумите кои се во сопственост или тесно поврзани со олигархиски мрежи блиски до политичките сили. Иако овие мрежи често дејствуваат за лична корист и политичко унапредување, нивните интереси често се преклопуваат со оние на Москва или Пекин, со што се создава **злонамерна испреплетеност на Незаконските финансиски текови**.

Целта на Незаконскиот финансиски тек кон ранливите медиуми е една од основните алатки што ги користат странските авторитарни фактори и нивните локални канали за да го олеснат освојувањето на медиумите, што пак ги претвора погодените медиуми во платформи за ширење **дезинформации и пропаганда**. Дури и во земјите-членки на ЕУ, Бугарија и Хрватска, недостасуваат доволно институционални гаранции во врска со откривањето на крајните вистински сопственици и извори на финансирање, како и соодветни механизми за меѓуинституционални проверки и рамнотежи за да се спречи концентрацијата на сопственоста. Оваа дилема во последниве години се надополнува со порастот на платформите за социјални медиуми, кои обезбедуваат отворен форум за ширење на дезинформации и пропаганда, истовремено поткопувајќи ја основата за финансирање на традиционалните медиуми.

Континуираните владини дефицити и системската корупција во Југоисточна Европа и оставија простор на Русија да изгради големо присуство во информативната слика/пејзаж на Југоисточна Европа во годините што претходеа на нејзината инвазија во Украина во 2014 и 2022 година. **Когнитивното влијание** на Кремљ во регионот е концентрирано врз географски, етнолингвистички и верските линии и ја одразува моменталната состојба на нејзиното економско присуство и дипломатските односи со секоја земја. Податоците од мониторингот на медиумите покажуваат дека про-Кремљ дезинформациите се најизразени во земјите со длабоко вкоренети културни и историски врски со Русија – Бугарија, Србија и Црна Гора – како и во српските енклави во регионот, како што е Република Српска во Босна и Херцеговина. Утврдено е дека главните дигитални новинарски пејзажи во повеќе од половина од Југоисточна Европа (Босна, Бугарија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија) содржат повторливи про-Кремљ дезинформации, кои систематски ги шират некои од најпосетуваните веб-страници за вести во секоја од овие земји. **Најмногу се издвојува случајот со Србија**, каде четири од петте најпосетувани веб-страници за вести постојано објавуваат про-Кремљ дезинформации. Исто така, се утврди дека во 2022 година, мејнстрим вестите во сите земји на Југоисточна Европа цитираа четири руски државно контролирани медиумски извори (ТАСС, РИА Новости, RT и Спутник) во илјадници написи.

Социјалните истражувања низ регионот забележаа **значителен пад на јавната поддршка за Русија**, што се совпаѓа со почетокот на инвазијата и објавувањето на злосторствата во Кремљ во Украина. Сепак, злонамерните уредувачки политики и кампањи на клучните про-Кремљ, а понекогаш дури и мејнстрим медиуми и политички партии опстојуваа и покрај оваа промена во мејнстрим јавното мислење. Политичките субјекти со симпатии кон Москва, како што се SNS и SPS во Србија, Възраждане (Преродба) и БСП во Бугарија и SNSD во Босна, ги задржаа своите парламентарни позиции и моќта на одлучување на серијата парламентарни избори 2022-2023 година, како што некои партии, како што е Възраждане (Преродба), дури се забележува и зголемување на јавната поддршка во овој период. Во комбинација со зголемената активност на про-Кремљ медиумите, тие придонесоа за делумно закрепнување на јавната симпатија кон Русија по првичниот шок предизвикан од инвазијата. Поддршката за Русија продолжува да ја делат мнозинството во Србија и во етнички српските региони на другите земји во регионот, останувајќи повисока насекаде во Југоисточна Европа одошто во Западна Европа во текот на целиот период.

Бугарија и Србија продолжуваат да дејствуваат како **примарни координативни центри** за операции-

те за влијание на Кремљ во регионот. Бугарските политичари и новинари ги нормализираат про-Кремљ дезинформациите во земјата, како и во евроатлантскиот простор, додека Србија помага во ширењето на дезинформациите на Кремљ низ Западен Балкан преку медиумите на српски јазик со седиште во Србија и во српските енклави како што е Република Српска. Бројките за сообраќајот на податоци на водечките новинарски веб-страници за вести во Западен Балкан го одразуваат информативниот натпревар за публиката што зборува на српски и хрватски јазик, меѓу српските медиуми што се про-Кремљ ориентирани и хрватските медиуми кои се релативно евроатлантски ориентирани.

За да се спротивстави на употребата на Незаконските финансиски текови и медиумското освојување како средства за странско злонамерно влијание потребен е интегриран **пристап на целото општество,** темелен на соработка помеѓу националните креатори на политики, приватниот сектор, граѓанското општество и европските и американските институционални структури. Овие контрамерки треба да се засноваат на паралелно воведување **дијагностички и механизми за спроведување насочени кон одвојување на европската економија од Русија**, како што се:

- создавање механизми за собирање докази преку кои ќе се овозможи да се зголеми квалитетот и квантитетот на податоците од Незаконскиот финансиски тек и да се идентификуваат државните институции и процесите на донесување одлуки засегнати од **институционализираната политичка корупција (заробување на државата);**

- имплементација на усогласена трансатлантска акција против незаконски пари и нелегитимни средства во Југоисточна Европа преку ефективно усогласување на целата ЕУ со европските санкции против Русија и претходно проучување на руските и кинеските стратешки инвестиции.

- ЕУ и локалните власти треба да преземат дејствија за да се спречат незаконските финансиски текови од странски авторитарни јурисдикции во Југоисточна Европа преку поддршка на спроведувањето на мерките за спречување на перење пари и дозволувајќи перењето пари да се истражува како посебно кривично дело, а не само како предикат.

- Решавањето на прашањата по однос на институционалните ранливости во врска со незаконското финансирање, како што е недостатокот на регулативи односно нормативни акти за транспарентност на вистинските сопственици и заострувањето на режимот за длабинска анализа на инвестициите треба да се надополнат со стратешка инвестициска политика од страна на ЕУ и САД, насочена кон воведување и стимулирање фер пазарни практики.

- Надминувањето на европската енергетска и климатска безбедносна криза и ставање крај на прекумерната зависност од руската енергија продолжува да биде главна компонента на стратешкото одвојување на европската економија од Русија.

**Чинот на спротивставувањето на освојувањето на медиумите** во регионот бара итни и координирани дејствија за да се ограничат неговите компоненти поврзани со сопственоста, рекламата, управување и когнитивна дејност, кои бараат и национални и меѓународни напори. Спроведувањето на следните мерки би претставувало клучни први чекори во оваа насока:

- надминување на институционалните празнини и менаџерски дефицити кои го намалуваат квалитетот на медиумската средина и создаваат клучни ранливости подложни на освојување. Ова вклучува зголемување на транспарентноста на сопственоста на медиумите, деловните структури и изворите на финансирање, како и воведување ограничувања на концентрацијата на сопственоста на медиумите.

- Создавање на инфраструктура за дигитална форензика потребна за откривање и истражување на кампањите за дезинформација и нивните учесници во речиси реално време, што ќе обезбеди витална прва линија на одбрана од ширењето на дезинформации.

- Податоците добиени преку подобрена истрага и анализа на тековните кампањи за дезинформација треба да се користат за да се развијат превентивни мерки насочени кон ограничување на влијанието на дезинформациите и факторите кои го поттикнуваат нејзиното барање, имено стратешка комуникација, програми за обука во областа на медиумската и информациската писменост, кампањи за подигање на јавната свест и иницијативи за поставување стандарди.

Присуството на Кремљ на критичните јазли на медиумската инфраструктура во Југоисточна Европа може да се замени само со создавање рамномерно распределена мрежа на јавно финансирани и независно управувани медиуми способни да ја оживеат граѓанската природа на новинарството и ширењето на информациите, како и да ја вратат довербата на јавноста во медиумите.